27. VII. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Вторник, 27 јуни 1989
Скопје
Број 25 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 2.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

423.

Врз основа на член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ" бр. 10/85), а во врска со Одлуката за пропишување мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност на определени производи и услуги („Службен весник на СРМ" бр. 49/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ЗА ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ НА РО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ И НАСТАВНИ СРЕДСТВА „ПРОСВЕТНО ДЕЛО" — СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на Одлуката за зголемување на цените на учебниците за основното и средното насочено образование бр. 02-1632 од 29 мај 1989 година на работната организација за издавање на учебници и наставни средства „Просветно дело" — Скопје.

2. Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар — Скопје ќе се грижи за спроведување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 23-1356/1
15 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

424.

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), а во врска со членот 5 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1988 година („Службен весник на СРМ" бр. 50/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПОМОШТА И НА ДРУГИТЕ ТРОШОЦИ ШТО ИМ СЕ ИСПЛАТУВААТ НА ПОВРАТНИЦИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на помошта и на другите трошоци што им се доделуваат на лицата за кои Извршниот совет на Собранието на СР Македонија дава согласност за прифаќање.

Член 2

При вселувањето и пријавувањето кај надлежните органи на повратниците ќе им се исплатува во висина на еднократна помош од 102.750 динари по член на семејството.

Член 3

На повратниците по пријавувањето кај надлежните органи, секој месец во вид на времена материјална помош ќе им се исплатува износ од:

— 294.400 динари за носител на помошта;
— 150.200 динари за секој соуживател на помошта;
— 294.400 динари за самец.

Член 4

На повратниците секој месец ќе им се исплатува надомест за струја, вода и ѓубретарина во износ од:

а) 124.900 динари за носител на помошта и за самци;
б) 82.800 динари за секој соуживател на помошта.

Член 5

На повратниците ќе им се исплатува еднократен износ за огрев за грејната сезона во висина до:

а) 917.850 динари за семејство;
б) 582.600 динари за самци.

Член 6

При вселувањето на повратниците ќе им се исплатува надомест за преведување и заверка на личните документи во износ од:

а) 61.350 динари за носител на помошта и самци;
б) 45.750 динари за соуживатели на помошта.

Член 7

На децата на повратниците, кои примаат времена материјална помош, за секоја учебна година ќе им се исплатува еднократен надомест за учебници и училишен прибор во износ од:

а) 123.400 динари за учебници до V-то одделение;
б) 151.000 динари за учебници од V-то до VIII-мо одделение.

Член 8

Надомест за трошоците за станарина на повратниците кои примаат материјална помош ќе се исплатува во полн износ, според решение на Самоуправната интересна заедница за домување.

Член 9

На повратниците им се признаваат во полн износ транспортните трошоци од Југословенската граница до местото на постојниот престој, согласно со Тарифата на Југословенската железница.

Член 10

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 23-510/3 од 26 април 1989 година.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јуни 1989 година.

Бр. 23-510/4
15 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р

425.

Врз основа на член 11 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ" бр. 10/85), Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар донесе

## НАРЕДБА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА КОИ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД СЕ ДОЛЖНИ ДА ДОСТАВУВААТ ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЦЕНИТЕ

1. Организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство, односно со вршење на услуги се должни да доставуваат известување за це-

ните заради следење 15 дена пред почетокот на применувањето на цените, за следните производи и услуги:

— дневно-информативните весници, освен информативните весници од локален карактер;

— надоместокот за користење на радио-дифузните приемници.

2. Известувањето за цените содржи:

1) назив на производот, односно услугата;

2) дата на примената на цените;

3) соодветно образложение со назначување на квалитативните фактори на производство (физички обем на производство, продуктивност, рентабилност, бруто личен доход по вработен, структура на постојните цени, трошоци и др.);

3. Известувањето за цените се доставува во писмена форма до Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар.

4. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 11-549/1
12 јуни 1989 година
Скопје

Републички секретар
за општостопански работи, мало
стопанство, туризам и пазар,
**Иван Митровски**, с. р.

**426.**

Врз основа на член 40 став 4 од Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ" бр. 41/85 и 45/86), а во врска со член 4 став 1 од Правилникот за начинот и роковите за усогласување на месечните парични примања на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ" бр. 25/88), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика, донесува

## НАРЕДБА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ОСНОВИЦИТЕ ОД КОИ СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ МЕСЕЧНИТЕ ПАРИЧНИ ИЗНОСИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ЗАШТИТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО 1989 ГОДИНА

1. Основиците од кои се определува инвалидскиот додаток, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација во износ од 126.100 динари и 106.180 динари, утврдени со Наредбата за утврдување на конечниот износ на основиците од кои се определуваат месечните парични износи на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди во 1988 година („Службен весник на СРМ" бр. 15/89), од 1 јануари 1989 година се зголемуваат за 166,6% и изнесуваат:

— основицата од која се определува инвалидскиот додаток за корисниците кои немаат приходи, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација 336.180

— основицата од која се определува инвалидскиот додаток за корисниците кои имаат приходи 283.080

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 13-3680
12 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд,
здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**207.**

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА САМОУПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО СТЕКНУВАЊЕТО И РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ДОХОДОТ И ЧИСТИОТ ДОХОД И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во член 39 став 2 алинејата 1 на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи во СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/85 и 18/87), се менува и гласи:

„— за време на привремена неспособност за работа до 30 дена — најмногу до 90%, а за време на привремена неспособност предизвикана со несреќа на работа, породилно отсуство и во други случаи утврдени со Закон — 100% од просечниот месечен чист личен доход што работникот го остварил во периодот утврден со самоуправниот општ акт, а кој не може да биде подолг од претходните три месеци".

Член 2

Во член 39-в во ставот 1 зборовите: „во претходната година" се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци".

Член 3

Во членовите 39-д, 39-ѓ, 39-ѕ и 39-к зборовите: „по претходна периодична пресметка, односно завршна сметка" се заменуваат со зборовите: „во претходните три месеци".

Член 4

Во член 39-ј став 2 се менува и гласи:

„Учесниците во Договорот ќе се залагаат организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници со самоуправните општи акти да предвидат дневниот износ на теренскиот додаток да се утврдува во зависност од условите на престојот на работниците на терен (сместување, исхрана и сл.), и тој да не биде поголем од 8% од месечниот просечен чист личен доход по работник исплатен во стопанството на СФРЈ во претходните три месеци".

Член 5

Во член 39-м став 1 се менува и гласи:

„Учесниците во Договорот ќе се залагаат издатоците за исхрана на работниците во текот на работата во земјата и во странство со кои се теретат трошоците на работењето месечно да изнесуваат најмногу до 25% од просечниот месечен чист личен доход по работник исплатен во стопанството на Републиката или СФРЈ во претходните три месеци".

Член 6

Овој договор се смета за склучен кога ќе го усвојат учесниците во Договорот и ќе го потпишат нивните овластени претставници.

Член 7

Овој договор се применува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", освен одредбата на членот 2 која се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 8

Договорот ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Потписници

За Собранието на СР Македонија,
**Мемед Нурединоски,** с. р.
За Советот на ССМ,
**Софија Тодорова,** с. р.
За Стопанската комора на Македонија,
**Душан Петрески,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — НЕГОТИНО

**208.**

Врз основа на член 106 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88), и член 160 и 162 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Неготино, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита на заедничката седница на трите собора, одржана на 8 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА — НЕГОТИНО ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за здравствена заштита на земјоделските осигуреници за 1989 година ќе се пресметува и исплатува како што следува:

1. На осигуреници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход):

а) по стапка од 15% од катастарскиот приход;
б) по 50.000 динари, по домаќинство годишно.

2. За осигурениците земјоделци кои немаат сопствена земја, а кои вршат земјоделска дејност со земјиште земено под закуп, како и сточарите, овчарите и риболовците, а не се обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење земјоделска дејност, придонесот за здравствена заштита изнесува 100.000 динари, по домаќинство годишно.

Член 2

Придонесите што ќе се наплатат според член 1 од оваа одлука се распоредуваат по видови на здравствена заштита, како што следува:

1. за задолжителни видови здравствена заштита 75%; и
2. за правата од здравствена заштита над задолжителните видови здравствена заштита 25%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр. 0211/28-16 од 27 јануари 1988 година на оваа заедница.

0211 Бр. 32-6
8 февруари 1989 година
Неготино

Претседател,
**Менча Насова,** с. р.

**209.**

Врз основа на член 79—84 и 160 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Неготино, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, на седницата одржана на 8 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТ НА ПАТНИТЕ И ДНЕВНИТЕ ТРОШОЦИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — НЕГОТИНО

Член 1

Со оваа одлука се одредува начинот на употреба на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место, кој им припаѓа на корисниците на здравствена заштита на товар на средствата на фондот на Заедницата, а во случаите кога корисникот користи здравствена заштита на начин пропишан со општите акти на Заедницата.

**Надоместок на превозни трошоци**

Член 2

Надоместокот за превоз им припаѓа на корисниците на здравствена заштита на работничкото осигурување на случаите предвидени со општите акти на Заедницата во висина на тарифата на јавниот сообраќај.

На корисниците на здравствена заштита им припаѓа надоместок на трошоците за други превозни средства по налог на лекарска комисија за упати на здравствениот дом — Неготино, која оценува дека поради здравствената состојба на корисникот му е потребен тој вид на превоз. По исклучок во итни случаи и лекарот поединец кој дава упат, може да определи друг вид на превозно средство.

Во смисла на претходниот став, во медицински итни случаи, односно поради тежина на болеста, доколку од објективни причини не може да се користи возилото за брза помош на Здравствениот дом, надлежната лекарска комисија може да определи корисникот да користи сопствено возило при остварувањето на здравствената заштита, за што на таквиот корисник му припаѓа надоместок на трошоците во висина од 10% од цената на горивото за возилото по изминат километар.

Кога превозот во случаите од претходните ставови е извршен без претходен налог на лекарот или здравствената организација оправданоста на превозот и на превозните средства дополнително ја цени лекарската комисија на Заедницата.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се определува по правило, според најкусата релација, и тоа по основната тарифа од редовните превозни средства на јавниот сообраќај.

Под основна тарифа на јавниот сообраќај се подразбира:

— во случај на патување со железница на релација подолга од 150 км, во еден правец — II класа од брзи воз;

— во речниот и поморскиот сообраќај припаѓа право на превоз со II класа со пловните возила;

— кога превозот се врши со автобус припаѓа право на полна цена на чинењето на превозот;

— кога патувањето се врши согласно став 2 алинеја 1 од овој член, а во железничкиот сообраќај по-

стои повластено патување ќе се исплатува повратна карта, односно К-15, кога на истата релација постои железнички бродски или автобуски сообраќај корисникот на здравствена заштита има право на надоместок на превозните трошоци по најниската тарифа.

Член 4

Ако корисникот на здравствена заштита врз основа на посебни прописи има право на бесплатно возење или користење на превозни средства на јавниот сообраќај не му припаѓа надоместок на трошоците за превоз.

Одредбата од претходниот став не се однесува на случаите кога корисникот на здравствена заштита има право на повластено патување во определен број на патувања, во текот на годината.

Член 5

На корисникот на здравствена заштита кога користи здравствена заштита спротивно на одредбите на општите акти на Заедницата на начинот на користење на здравствената заштита не му припаѓа надоместок на патните трошоци.

Член 6

Налогот односно упатот за патување во друго место поради специјалистички преглед важи по правило за едно патување.

Доколку лекарот специјалист на кого корисникот на здравствена заштита е упатен на прв специјалистички преглед најде дека е потребно испитување и лекување кај друг специјалист првобитниот упат, односно налог важи и за останатите прегледи.

Кога корисникот на здравствена заштита, во смисла на претходниот став е упатен, односно преземен на амбулантно специјалистичко лекување или испитување, издадениот налог важи за цело време додека трае испитувањето односно лекувањето.

**Висина на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој**

Член 7

Надоместокот на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место на корисниците на здравствена заштита им припаѓа како што следува:

1. на подрачјето на СР Македонија вон општината над 20 км., во износ од 6.000 динари.
2. на подрачјето на земјата вон СР Македонија, во износ од 9.000 динари.

Член 8

Покрај надоместокот од претходниот член на корисниците на здравствена заштита им припаѓа и надоместок на трошоците за ноќевање во фактички износ врз основа на посебна приложена сметка, но не повеќе од 15.000 динари.

Член 9

Утврдените износи од член 7 на оваа одлука се исплатуваат за патувања кои траат над 12 часа.

За патувања кои траат помалку од 12 часа, без оглед дали се исполнети условите за половина дневница на корисниците на здравствена заштита им се исплатува на име надоместок во фиксен износ, во висина од 50% од износите утврдени во член 7 на оваа одлука.

Член 10

За корисниците на здравствена заштита — деца до навршена 7 годишна возраст, надоместоците за исхрана и сместување од член 7 и 9 на оваа одлука изнесуваат 50%.

Член 11

Барањето за надоместокот на трошоците за превоз и надоместоците за исхрана и сместување пристигаат првиот нареден ден по завршувањето на лекувањето, односно завршеното патување.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува наредниот ден по донесувањето.

0211 бр. 32-7
8 февруари 1989 година
Неготино

Претседател,
**Менча Насова,** с. р.

**210.**

Врз основа на член 85—89 и член 160 од Статутот на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, на седницата одржана на 8 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОГРЕБНИ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОСИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — НЕГОТИНО

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот, условите за стекнување и начинот на остварување на погребните трошоци и посмртна помош во случај на смрт на корисник на здравствена заштита при ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино.

Член 2

Висината на надоместокот на погребните трошоци се утврдува во износ од:

1. во случај на смрт на корисник до 7 (седум) годишна возраст 130.000 динари;
2. во случај на смрт на корисник над 7 (седум) до 14 (четиринаесет) годишна возраст 180.000 динари;
3. во случај на смрт на корисник на здравствена заштита над 14 (четиринаесет) годишна возраст 220.000 динари.

Член 3

Во случај корисникот на здравствена заштита да умре во странство за време на привремен престој во странство, надоместокот од член 2 на оваа одлука се зголемува 100%.

Член 4

Надоместокот за пренесување на починатиот корисник кој претходно е упатен на лекување во здравствена организација надвор од подрачјето на Заедницата се определува и исплатува во висина на стварно направените трошоци за пренос но по најниска тарифна ставка за превоз.

Член 5

Надоместокот за погребни трошоци се исплатува на лицето кое ќе го изврши погребот на корисникот на здравствена заштита врз основа на: извод од матичната книга на умрените, потврда — уверение за извршен закоп и здравствена легитимација на умреното лице.

Во случај корисникот на здравствена заштита да умре во странство, покрај доказите од претходниот став се поднесува и потврда од дипломатското претставништво на нашата земја во странство.

Член 6

На членовите на семејството на умрениот корисник (осигуреник) на здравствена заштита им припаѓа посмртна помош во висина на просечниот личен доход остварен во СР Македонија, во претходното тримесечје, доколку се исполнети условите предвидени со одредбите на општите акти на Заедницата.

Член 7

Барањето за исплата на надоместокот за погребни трошоци и посмртна помош пристига на денот на смртта на корисникот на здравствена заштита (осигуреникот).

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 0211-28-9 од 27 јануари 1988 година.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува наредниот ден по денот на донесувањето.

0211 бр. 32-8
8 февруари 1989 година
Неготино

Претседател,
**Менча Насова,** с. р.

**211.**

Врз основа на член 160 и 162 од Статутот на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Неготино, на заедничката седница на трите собора одржана на 8 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИ ЗА ПЛАЌАЊЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основици за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита на лица вработени кај приватни работодавци за кои со закон не се утврдени основици за придонес.

Член 2

Основицата за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита и за остварување на одредени права од здравствената заштита на лица вработени кај приватни работодавци претставува договорениот чист личен доход меѓу приватниот работодавец и работникот, кој што договорен чист личен доход не може да биде помал од:

1. — за неквалификувани работници и домашни помошнички 350.000 динари;

2. — за полуквалификувани работници или за работници со основно образование 450.000 динари;

3. — за квалификувани работници или за работници со средна стручна спрема 500.000 динари;

4. — за високо квалификувани работници или за работници со виша стручна спрема 550.000 динари;

5. — за работници со висока стручна спрема 600.000 динари.

Ако во текот на годината дојде до промена на гарантираниот личен доход основицата за пресметување на придонес за здравствена заштита согласно став 1 од овој член за точка 1 ќе биде загарантираниот личен доход.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0211-28/6 од 27 јануари 1988 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

0211 бр. 32-9
8 февруари 1989 година
Неготино

Претседател,
**Менча Насова**, с. р.

**212.**

Врз основа на член 160 и 162 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Неготино, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, на заедничката седница на трите собора одржана на 8 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Придонесите за здравствена заштита што се плаќаат во постојани месечни износи за 1989 година се плаќаат за:

1. лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 10.000 динари;

2. учениците во средните училишта за одделни занимања во кои покрај училишна изведуваат и практична настава во ОЗТ, училиштето или кај приватни работодавци, во износ од 5.000 динари;

3. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии кои поради тоа го прекинале вработувањето, а за тоа време примаат стипендија, во износ од 10.000 динари;

4. лицата кои учествуваат во младинските работни акции, а кои според прописите за пензиско и инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, ако работат 6 часа дневно, во износ од 5.000 динари;

5. лицата кои организацијата пред да ги вработи ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно усовршување и оспособување, во износ од 10.000 динари;

6. лицата кои учествуваат во јавни работни акции организирани од општествено политичките заедници, ако работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 5.000 динари;

7. лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и општествена самозаштита, припадници на територијалната одбрана и на цивилната заштита, за време на обука, оспособување и вршење на должности, во износ од 5.000 динари;

8. за членовите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странски носител на осигурувањето се плаќа придонес во постојан износ од 5.000 динари по член;

9. на лицата корисници на инвалиднина според прописите за пензиско и инвалидско осигурување и тоа само во случај на потреба од лекување во врска со повредата или заболување што предизвикало телесно оштетување на кои им припаѓа право на инвалиднина, во износ од 5.000 динари;

10. иселениците повратници од странство до колку се пријавуваат редовно во СИЗ за вработување, 10,000 динари;

11. членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на отслужување на воениот рок во ЈНА, ако пред тоа ги исполнил потребните услови, во износ од 5.000 динари;

12. лицата привремено невработени додека се пријавуваат во надлежната заедница за вработување, а примаат материјално обезбедување, во износ од 10.000 динари;

13. лицата привремено невработени додека се пријавуваат во надлежната заедница за вработување, во износ од 5.000 динари.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат придонеси за здравствено осигурување и за случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест, во износ од 2.000 динари и тоа за лицата од член 16 од Статутот на Заедницата.

Член 3

Платените придонеси од точка 1 до 7 во член 1 на оваа одлука по видови на здравствена заштита ќе се распоредуваат во следната структура:

— за задолжителни видови здравствена заштита 50%;

— за здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата 45%;

— за несреќа на работа и професионално заболување 5%.

Придонесите од точка 8 до 13 од член 1 на оваа одлука по видови на здравствена заштита ќе се распоредуваат:

— за задолжителни видови здравствена заштита 53%;

— за останати видови здравствена заштита 47%.

Член 4

Придонесите за лицата опфатени во член 1 и 2 на оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесите од член 1 и 2 од оваа одлука се уплатуваат за временски периоди покуси од еден месец, пресметувањето и уплатата ќе се врши по 1/30 од вкупниот месечен износ за секој календарски ден на користење на здравствена заштита.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0211-28/7 од 27 јануари 1988 година на оваа заедница.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

0211 бр. 32-10
8 февруари 1989 година
Неготино

Претседател,
**Менча Насова**, с. р.

---

**213.**

Врз основа на член 18 од Самоуправната спогодба за основање на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, согласно член 160 и 162 од Статутот на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, на седницата одржана на 8 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонес за здравствена заштита на работниците се утврдува во висина од 7,60% од бруто личните доходи во кој се содржани:

— стапката на придонесот за обезбедување на задолжителни видови на здравствена заштита од 3,40%;

— стапката на придонесот за обезбедување на правата од здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата од 4,20%.

Организациите на здружен труд од основното образование и воспитание, згрижување и воспитување на децата, органите на управата, посебните и правосудните органи во општината Неготино ќе пресметуваат и плаќаат придонес за здравствена заштита, по стапка од 3,80%.

За обврзниците од став 2 на овој член формирањето на основицата — бруто личниот доход при пресметувањето и плаќањето на придонесите ќе го вршат, по стапка од 3,80%.

Член 2

За обврзниците на придонесот за здравствена заштита од член 24 точка 3, 5, 7 од Законот за самоуправните интересни заедници за здравствена заштита за кои е определено основица во нето стапка на придонесот за здравствена заштита се утврдува во висина од 12,80%, од кои:

— стапката на придонес за обезбедување задолжителни видови здравствена заштита од 5,80%;

— стапката за обезбедување на правата од здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата 7,00%.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува во висина од 0,60% од определената основица.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став е:

1. за организациите на здружен труд од областа на стопанството и други организации и заедници распоредени во номенклатурата за распоредување на стопански и други организации и државни органи во дејностите од 1 до 11, претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17, став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд.

2. за другите самоуправни организации и заедници, државни органи, општествено политички организации, здруженија и работни заедници што не се организирани како ОЗТ кои во своето работење остваруваат доход, а кои во номенклатурата се распоредени во дејностите од 11 до 14, бруто личниот доход на вработените.

Член 4

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доход за ОЗТ, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 5

Посебните придонеси за користење на здравствена заштита за работници испратени во странство од страна на ОЗТ (деташирани работници) се плаќаат, по стапка од 25% од утврдената основица.

Член 6

Придонес за здравствена заштита на корисниците на пензија, СИЗ на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија плаќа, по стапка што одговара на нето стапката од бруто стапката од член 1, став 1 на оваа одлука.

Член 7

Работните единици на ОЗТ чија дејност е млекопроизводство се ослободуваат од плаќање придонес за здравствена заштита од доходот и од личниот доход.

Член 8

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0211-28/5 од 27 јануари 1988 година.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

0211 бр. 32-5
8 февруари 1989 година
Неготино

Претседател,
**Менча Насова**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — НЕГОТИНО

**214.**

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/76 и 43/78), член 126 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/86), и член 12 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Неготино, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита на седницата одржана на 27 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — НЕГОТИНО

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на здружен труд, од личен доход од работен однос на нестопанските организации, придонес од личен доход од земјоделска дејност, придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и личен доход од самостојно вршење на професионална дејност.

Член 2

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ за социјална заштита — Неготино, изнесуваат:

— придонес од доход на основните организации на здружен труд, по стапка од 0,90%;

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, по стапка од 0,80%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,60%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и од личен доход од самостојно вршење на професионална дејност, по стапка од 0,60%.

Организациите на здружен труд од основното образование и воспитание, згрижување и воспитување на деца, органите на управата, посебните и правосудните органи во општината Неготино, ќе пресметуваат и плаќаат придонес, по стапка од 0,40%.

Член 3

Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд, претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно со член 17 став 2 од Законот за данокот од доходот на ОЗТ.

За обврзниците од член 2 став 2 формирањето на основицата бруто-личниот доход при пресметувањето и плаќањето на придонесите ќе го вршат, по стапка од 0,40%.

Член 4

Заради унапредување млеко производството во општествениот сектор на општина Неготино, работната единица при ООЗТ „Дуброво" која се бави со оваа дејност се ослободува од плаќање на општинските придонеси на делот од доходот кои се остваруваат од оваа дејност.

Член 5

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на ОЗТ, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-5/2 од 16 март 1988 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-14/8
27 февруари 1989 година
Неготино

Претседател,
**Виолета Николова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — НЕГОТИНО

**215.**

Врз основа на член 76 став 2 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ" бр. 32/87) и член 13 точка 4 од Статутот на Заедницата за вработување — Неготино, Собранието на ОСИЗ за вработување на седницата одржана на 27 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување на подрачјето на општина Неготино, за 1989 година се утврдува, по стапка од 0,80%.

Организациите на здружен труд од основното образование и воспитание, згрижување и воспитување на децата, органите на управата, посебните и правосудните органи во општината Неготино, ќе пресметуваат и плаќаат придонес, по стапка од 0,40%.

Член 2

Основицата за плаќање на придонесот за вработување е:

1. за работниците од ОЗТ и за работниците вработени кај работодавците, личниот доход на работниците во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход).

2. за работодавецот, основицата според која плаќа данок од личен доход;

3. за работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ, придонесот за вработување изнесува 10% од вкупниот износ на данокот;

4. за обврзниците од член 1 став 2 формирањето на основицата бруто личниот доход при пресметувањето и плаќањето на придонесите ќе го вршат, по стапка од 0,40%

Член 3

Облогот и наплатата на придонесот за вработување од член 2 точка 2 и 3 го врши Управата за приходи при Собранието на општина Неготино.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-343
15 мај 1989 година
Неготино

Претседател,
**Ј. Намичев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — НЕГОТИНО

**216.**

Врз основа на член 14 точка 5 од Законот за самоуправните интересни заедници за култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) член 1 од Законот за изменување на Законот за самоуправните интересни заедници на култура („Службен весник на СРМ" бр. 43/78) и член 23 од Статутот на ОСИЗ за култура — Неготино, Собранието на Заедницата на култура — Неготино, на седницата одржана на 4 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА КУЛТУРА — НЕГОТИНО

Член 1

Се утврдуваат стапките на придонесите на ОСИЗ за култура што ОЗТ ги плаќаат од доход, работните луѓе од личниот доход од нестопанството и граѓаните кои вршат самостојна стопанска и нестопанска дејност и граѓаните кои вршат земјоделска дејност.

Член 2

Во 1989 година се утврдуваат следните стапки на придонеси:

1. придонес од личен доход од ОЗТ, по стапка од 0,60%;

2. придонес од личен доход од нестопанството, по стапка од 0,50%;

3. придонес од личен доход од вршење на земјоделска дејност, по стапка од 1,00%;

4. придонес од вршење самостојна стопанска и нестопанска дејност, по стапка од 1,00%;

5. Организациите на здружен труд од основно образование и воспитание, згрижување и воспитување на децата, органите на управата, посебните, самостојните и правосудните органи во општината Неготино, ќе пресметуваат и плаќаат придонес, по стапка од 0,25%.

Член 3

Основица за пресметување на придонесот:

1. основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот по-

раст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд;

2. основицата за пресметување на придонесот од личниот доход ќе претставува бруто личниот доход;

3. за обврзниците од член 2 точка 5 од оваа одлука формирањето на основицата — бруто личниот доход при пресметувањето и плаќањето на придонесите ќе го вршат, по стапка од 0,25%.

Член 4

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен гласник на општина Неготино" и „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-15
15 мај 1989 година
Неготино

Претседател,
**Киро Андонов,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — НЕГОТИНО

**217.**

Врз основа на член 34 од Законот за физичка култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 90 од Статутот на ОСИЗ за физичка култура — Неготино, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ОСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — НЕГОТИНО И ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО РСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат средствата, односно стапките на придонес што ги плаќаат основните организации на здружен труд од областа на стопанството од остварениот доход, работните луѓе од личен доход од нестопанството, од земјоделска дејност и самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, а заради обезбедување на средства на ОСИЗ за физичка култура за 1989 година.

Член 2

За остварување на својата програма во 1989 година, ОСИЗ за физичка култура — Неготино, средствата ќе ги обезбедува од следните извори:

1. придонес од остварен доход во стопанството, по стапка од 0,50%;

2. придонес од личен доход од нестопанството, по стапка од 0,50%;

3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1,00%;

4. придонес од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, по стапка од 1,00%;

5. организациите на здружен труд од основното образование и воспитание, згрижување и воспитување на децата, органите на управата, посебните и правосудните органи во општината Неготино, ќе пресметуваат и плаќаат придонес, по стапка од 0,25%.

Член 3

Основица за пресметување на придонесот:

1. основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд,

2. основицата за пресметување на придонесот од личниот доход ќе претставува бруто личниот доход,

3. за обврзниците од член 2 точка 5 од оваа одлука формирањето на основицата — бруто личниот доход при пресметувањето и плаќањето на придонесите ќе го вршат по стапка од 0,25%.

Член 4

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето и застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 5

ОСИЗ за физичка култура Неготино, за остварување на програмата на РСИЗ за физичка култура од општ интерес за Републиката здружува средства врз основа на посебен договор.

Член 6

Се овластува Службата на општественото книговодство, средствата договорени за 1989 година за РСИЗ за физичка култура да ги издвојува на нивна жиро сметка врз основа на посебно овластување каде ќе биде утврдена динамиката на пренесувањето на средствата за 1989 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето односно објавувањето во „Службен весник на СРМ" и „Службен гласник на општина Неготино", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 8

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр. 02-14/97 од 2 март 1988 година на Собранието на ОСИЗ за физичка култура — Неготино.

Бр. 02-20
15 мај 1989 година
Неготино

Претседател,
**Драги Дуганов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — НЕГОТИНО

**218.**

Врз основа на член 13 од Законот за Самоуправната интересна заедница за воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 9/78) член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 25 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно образование и воспитание и општествена заштита на децата — Неготино, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 30 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО СЕ ПЛАЌА ВО КОРИСТ НА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

За извршување на задачите на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Неготино, за задоволување на потребите и интересите од областа на предучилишното и основното воспитание и образование и општествена заштита на децата, работниците и работните луѓе обезбедуваат средства од личен

доход, по стапка на придонеси утврдени со оваа одлука.

Член 2

Од 1 јануари 1989 година стапките на придонесите од личен доход ќе изнесуваат:

А. За дејноста основно воспитание и образование:

1. придонес од личен доход на работниците од стопанските и општествени дејности 5,30%;

2. придонес од личен доход за вршење на земјоделска дејност 0,20%;

3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност 0,20%;

4. организациите на здружен труд од основното образование и воспитание, згрижување и воспитување на децата, органите на управата, посебните и правосудните органи во општина — Неготино, ќе пресметуваат и плаќаат придонес по стапка од 2,65%.

Б. За дејноста општествена заштита на децата:

1. придонес од личен доход на работниците од стопанските и општествените дејности 1,90%;

2. придонес од личен доход за вршење на земјоделска дејност по стапка од 0,15%;

3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност по стапка од 1,00%;

4. организациите на здружен труд од основно образование и воспитание, згрижување и воспитување на децата, органите на управата посебните и правосудните органи во општина Неготино ќе пресметуваат и плаќаат придонес по стапка од 0,95%.

Член 3

Основица за пресметување на придонесот:

1. основица за пресметување на придонесот од личниот доход ќе претставува бруто личниот доход.

2. за обврзниците од член 2 точка А.-4 и Б.-4 формирањето на основицата — бруто личен доход при пресметувањето и плаќањето на придонесите ќе го вршат, по стапка од 2,65% за основно образование и воспитание и 0,95% за непосредна детска заштита.

Член 4

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето односно објавувањето во „Службен весник на СРМ" и „Службен гласник на општина Неготино", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр. 02-20/1 од 1 јануари 1988 година

Бр. 02-70
15 мај 1989 година
Неготино

Претседател,
**Р. Бунаров,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

**219.**

Врз основа на член 100 и 101 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), член 18 став 1 точка 18 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, член 162 став 1 точка 6, член 255 и 257 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ" бр. 8/85). Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата одржана на 3 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во членот 5 ставот 2 од Одлуката за утврдување висината на стапката на придонес за здравствена заштита на работниците за 1989 година бр. 0805-1223/6 од 27 декември 1988 година се менува и гласи: „Основицата за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход на организацијата за 1988 година, валоризиран со порастот на цените на мало во 1989 година".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0805-502/22
3 јуни 1989 година
Тетово

Претседател,
**Дивна Павлоска,** с. р.

**220.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 8 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), членовите 81—86 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ" број 8/85), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата на Собранието на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите даватели на услуги одржана на 3 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕВОЗ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита што им припаѓа на осигурените лица на товар на средствата на Заедницата, а во случаите кога користат здравствена заштита на начин пропишан со Закон. Статутот и со Правилникот за начинот на остварувањето на здравствената заштита.

Член 2

Висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита на осигурените лица изнесува:

— во рамките на подрачјето на Заедницата, само трошоци околу превозот:

— 20.000 динари во СРМ — паушално и

— 50.000 динари вон СРМ.

Надоместокот од претходниот став алинеја 2 изнесува:

— 100% од утврдениот износ за патување и престој кое не е пократко од 12 или подолго од 24 часа;

— 50% од утврдениот износ за патување и престој од 8—12 часа.

За патување и престој до 8 часа не следува надоместок.

За деца од 4—10 години возраст, надоместокот ќе се исплатува, во висина од 50% од износот определен во став 1 на овој член.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се признава во висина на трошоците за патување по најкратката релација и по основната тарифа на редовните средства, за превоз во јавниот сообраќај.

Во зависност од здравствената состојба на осигуреното лице, должината на патувањето и други околности, лекарската комисија може да одреди и поинаков начин на превоз.

Превоз со кола за итна помош може да се одобри само во случај кога превозот со други средства не е возможен со оглед на итноста на случајот и здравствената состојба на осигуреникот.

Член 4

Осигурените лица имаат право на надоместок на трошоци за превоз и кога превозот е извршен поради прием, испраќање или преместување од една во друга организација на здружен труд, со констатација на лекарот или здравствената организација на здружен труд дека превозот на осигуреникот е медицински оправдан — индициран.

Одредбите од ставот 1 на овој член се применуваат и кога осигуреникот односно осигуреното лице на кое здравствената заштита му се обезбедува во странство во смисла на одредбите на Статутот на Заедницата, се превезува од странство, со тоа што мислење за потребата од таков превоз дава лекарската комисија или установата во која осигуреното лице се лекува.

Член 5

Надоместокот на патните трошоци му припаѓа и на придружникот на осигуреното лице ако по оценка на лекарот — поединец лекарската комисија или здравствената организација на здружен труд се утврдува дека на осигуреното лице упатено на лекување или лекарски преглед во друго место му е потребен придружник за време на патувањето и престојот.

Ако на лекување или лекарски преглед се упатуваат во друго место деца на осигуреникот или дете кое осигуреникот го зел на издржување, се смета дека придружникот е потребен, ако детето е помладо од 15 години, доколку не е обезбеден стручен придружник.

Член 6

Ако осигуреникот по посебни прописи има право на бесплатно возење при користење на превозни средства во јавниот сообраќај, не му припаѓа надоместок за трошоците за превоз.

Член 7

На осигуреното лице кое користи здравствена заштита спротивно на одредбите на Статутот и на Правилникот за начинот на користење на здравствена заштита, не му припаѓа надоместок на патните трошоци и трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица.

Член 8

Аванс може да се исплатува во исклучителни случаи во висина од 50% од вредноста на потребните трошоци.

Член 9

При остварување здравствена заштита надвор од подрачјето на СР Македонија, покрај надоместокот на трошоците за исхрана и патување, осигуреникот има право и на трошоци за ноќевање во висина од 10.000 динари само врз основа на поднесената потврда од организацијата каде ноќевал.

Член 10

Барањето за надоместок на трошоците за превоз, исхрана и сместување може да се поднесе во рок од 1 година по завршувањето на лекувањето односно патувањето.

Член 11

Со денот на донесувањето на оваа одлука и нејзиното применување, престанува да важи одлуката за превоз, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварување на здравствената заштита број 0805-1123/13 од 27. XII. 1988 година што е објавена во „Службен весник на СРМ“ број 5/89).

Член 12

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јуни 1989 година.

Бр. 0805-502/15
3 јуни 1989 година
Тетово

Претседател,
**Дивна Павлоска,** с. р.

---

**221.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83), член 89, 90, 91 и 207 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ“ број 8/85), Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници на Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата одржана на 3 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварувањето на правото на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на осигурено лице на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово.

Член 2

Во случај на смрт на член на семејството на осигуреникот — работникот или лице што врши самостојна професионална дејност, му припаѓа надоместок на трошоци за закоп во висина од 500.000 динари за член на семејство.

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на семејството кои ги издржувал до денот на смртта им припаѓа:

— посмртна помош во висина на просекот на личниот доход од претходната година, односно на пензијата примена од последниот месец.

Член 3

Надоместокот на трошоците за закоп припаѓа на секој кој ќе изврши закоп на умрено осигурено лице, а врз основа на извод од матичната книга на умрените, здравствена легитимација на покојниот и изјава дека тие ги сносиле трошоците за закоп.

Надоместокот на трошоците за закоп припаѓа и во случај на смрт на осигуреникот или член на семејството на осигуреникот, ако смртта настанала во рок од 30 дена од денот на престанокот на својството на работник во здружениот труд или друга дејност односно престанок на својството осигуреник.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци за осигурено лице умрено и закопано во место на постојано живеење, се определува и исплатува во висина на надоместокот определен според местото на закопот, ако тоа за корисникот е поповолно.

Надоместокот на трошоците за закоп на осигуреното лице умрено за време на престој во странство се определува во висина на неопходно потребните трошоци за закоп во земјата во која осигуреното лице умрело.

Висината на неопходните трошоци за закоп од претходниот став ја оценува Стручната служба на Заедницата, земајќи го предвид прибавеното мислење за тоа од дипломатско-конзуларното претставништво на СФРЈ во таа земја

Член 5

Во случај на смрт на осигурено лице упатено со болнички упат надвор од подрачјето на Заедницата, трошоците за превоз на умрениот ќе ги сноси Заедницата во целост, во случај на смрт на осигуреното лице надвор од подрачјето на Заедницата без упат, трошоците за превоз на умрениот ќе се надоместат во висина од 50% од направените трошоци. Трошоците ќе се признаваат врз основа на приложени сметки по тарифа на железницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јуни 1989 година.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи одлуката за надоместок на трошоците за закоп на осигурено лице и посмртна помош број 0805-1123/44 од 27 декември 1988 година („Службен весник на СРМ" број 5/89).

Бр. 0805-502/16
3 јуни 1989 година
Тетово

Претседател,
**Дивна Павлоска,** с. р.

---

**222.**

Врз основа на член 160 став 1 точка 1, а во врска со член 301 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, Собранието на 3 јуни 1989 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА II
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКАТА СИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

Член 1

Во Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ" број 8/85), после став 1 на членот 6 се додава нов став 2 кој гласи: „Заедницата во рамките на својаредовна дејност спроведува подготовки за општонародна одбрана, се оспособува за работа и отпор во услови на непосредна воена опасност и во војна, обезбедува материјални и други услови за развој на подготовките на општонародната одбрана и врши други задачи од интерес за општнародната одбрана кои произлегуваат од плановите и другите документи за одбрана на општествено-политичката заедница".

Член 2

Во членот 160 став 1 по точката 15 се додава нова точка 16 која гласи: „Расправа за состојбата на подготовките за општонародната одбрана на Заедницата, ги разгледува извештаите во врска со остварувањето на подготовките за одбрана во Заедницата, одлучува за склучување на општествени договори и самоуправни спогодби за уредување на односите во спроведувањето на подготовките за општонародната одбрана, формира Извршен одбор за вршење на работите од делокругот на Собранието на Заедницата во војна, непосредна воена опасност и во други вонредни околности, формира комисија за општонародна одбрана на Заедницата, одлучува за висината на материјалните и другите средства за потребите на подготовките на општонародната одбрана, дава иницијативи, предлози и мислења, а по потреба донесува и соодветни заклучоци за мерките кои треба да се преземаат за унапредување и подобрување на подготовките за одбрана на Заедницата, врши и други работи од областа на општонародната одбрана".

Точката 16 станува точка 17.

Член 3

Во членот 182 став 1 по точката 8 се додава нова точка 9 која гласи: „Донесува план за одбрана и план за вонредни околности на Заедницата, утврдува план за развој на општонародната одбрана и донесува годишна Програма за користење на средствата за општонародна одбрана, одлучува за склучување договори и спогодби за формирање резерви на лекови и санитетски материјални средства, дава претходна согласност на самоуправните општи акти од областа на општонародната одбрана, што ги донесува Стручната служба на Заедницата, одлучува за висината и користењето на материјалните средства и за други задачи од областа на општонародната одбрана на Заедницата, го следи спроведувањето на подготовките за одбрана на Заедницата и редовно го известува Собранието на Заедницата за состојбата на одбранбените подготовки за својата работа, врши и други работи и задачи на општонародната одбрана".

Точката 9 станува точка 10.

Член 4

Во член 189 став 1 се додава нова точка 10 која гласи: „Комисијата за општонародната одбрана".

Член 5

Во член 231 став 1 после точката 4 се додава нова точка 5 која гласи: „Раководи со спроведувањето на подготовките на општонародната одбрана на Заедницата, раководи со изработка на планот за одбрана и Планот за вонредни околности на Заедницата, одговара за подготвувањето и извршувањето на мобилизацијата, го известува Извршниот одбор за состојбите во спроведувањето на подготовките за одбрана на Заедницата, врши и други работи што со Закон или друг општ акт на општествено-политичката заедница и општите и други акти на Заедницата ќе му бидат ставени во надлежност од областа на општонародната одбрана".

Точката 5 станува точка 6

Член 6

После член 245 се додава нов член „245-а" кој гласи:

„Во Заедницата се изработува и донесува план за развој на општонародната одбрана и Програма за финансирање на подготовките за одбрана кој е составен дел на Планот и Програмата за развој и работа на Заедницата.

Заедницата изработува и донесува План за одбрана со кој се утврдуваат задачите, организацијата, средствата, мерките и постапките за одбрана и за својата работа и другите одбранбени активности во војна и во непосредна воена опасност.

Заедницата изработува и донесува План за вонредни околности со кој се утврдуваат задачите, организацијата, силите, средствата, мерките и постапките во случај ако со вооружена и друга активност на непријателот во мир, непосредно би била загрозена безбедноста на земјата или нејзини одделни делови и општествено уредување утврдено со Уставот.

Планот за одбрана и Планот за вонредни околности на Заедницата се изработуваат во согласност со прописите и документите од областа на општонародната одбрана, одлуките и упатствата на надлежниот орган на општествено политичката заедница, а Планот за развој на општонародната одбрана се донесува за период за кој се донесува Планот за развој на Заедницата".

Член 7

Членот 283 се менува и гласи:

„Заедницата должноста и правата на одбраната на земјата ги остварува со учество во подготовките за одбрана и преземање на сите неопходни мерки и дејности во војна и со оспособување на сопствена одбрана како и со пружање на други видови отпор на агресорот заради одбрана на земјата.

Заедницата во согласност со Уставот, Законот за општонародната одбрана, плановите и одлуките на Републиката и општината, се организира за делување во војна, во непосредна воена опасност и во други воени околности, и во тој правец врши организирање и мобилизација на сите свои човечки и материјални сили за одбрана на земјата".

Член 8

После членот 284 се додава нов член 284-а кој гласи:

„Во Заедницата се формира комисија за општонародна одбрана и општествена самозаштита како координативно тело на Собранието на Заедницата, а заради насочување на координирање на мерките и активностите во извршување на задачите од областа на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита е составена од 5 члена и тоа: Претседател на Собранието, претседателите на соборите на Собранието и претседател на Извршниот одбор на Собранието на Заедницата.

Претседател на Комисијата е претседателот на Собранието на Заедницата.

Комисијата ја следи одбрамбено заштитната подготвеност на органите и предлага преземање мерки и активности за подобрување на општонародната одбрана и општествената самозаштита во Заедницата.

Комисијата за својата работа е одговорна пред Собранието на Заедницата".

Член 9

Во членот 287 после ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Организацијата и спроведувањето на општонародната одбрана во случај на непосредна воена опасност и на други воени околности, како и податоците определени како тајни податоци на општонародната одбрана, на единствен начин ќе се регулираат со посебни правилници на ниво на Стручната служба на Заедницата за кои претходна согласност дава оваа заедница".

Член 10

Во член 325 став 1 точка 24 се менува и гласи:

„Во областа на општонародната одбрана и општествената самозаштита ги врши следните работи: ги следи и проучува прописите од областа на општонародната одбрана, го следи развојот на Заедницата и ја организира работата во врска со изработката на плановите од областа на општонародната одбрана и врши ажурирање и доградување на истите, изготвува Правилник за општонародна одбрана и Правилник за утврдување на податоците од значење за општонародната одбрана врши и други работи и задачи во областа на општонародната одбрана на Заедницата кои овозможуваат унапредување на подготовките за одбрана и заштита на Заедницата".

Член 11

Оваа статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0805-502/17
3 јуни 1989 година
Тетово

Претседател,
**Дивна Павлоска**, с. р.

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Општинскиот суд Скопје I — Скопје огласува дека согласно чл. 84 ст. 2 т. 5 од ЗПП во спорот за развод на брак му постави привремен застапник на тужениот Насер Јашаров, роден во Скопје, порано живеел во Берлин, а сега со непозната адреса на живеење, по тужбата на тужителката Ресмија Јашаров од Берлин.

За привремен застапник е поставен адвокатот Спировски Ефто и истиот ќе го застапува тужениот во постапката се додека истиот не се појави пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, IX П. бр. 1709/89. (89)

Пред овој суд е во тек постапка за зголемување на издршка поднесена од тужителите Јанев Мартин и Виктор, против тужениот Јанев Бранко од Скопје, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Јанев Бранко да се јави во рок од 15 дена од објавувањето на ова соопштение во судот во својство на тужен за заштита на своите интереси во текот на постапката.

Доколку тужениот Јанев Бранко во овој рок не се јави во судот, судот ќе му постави привремен старател преку Центарот за социјални работи на град Скопје, кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на постапката на овој спор.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, IV П бр. 2344/88. (92)

---

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје е поведена постапка за развод на брак од страна на тужителот Мирадије Шемији од с. Грушино, Скопско против тужениот Таир Шемији од Скопје, сега со непозната адреса на работа во Швајцарија.

Судот го повикува Таир Шемији да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на ова соопштение во службените гласила, во овој суд, во својство на тужен.

Доколку во означениот рок истиот не се јави во судот, судот ќе му постави привремен старател преку Центарот за социјални работи на град Скопје, кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, IV П. бр. 1464/89. (93)

---

Пред овој суд поднесена е тужба за развод на брак од тужителката Виолета Боројевиќ од Скопје, против тужениот Боројевиќ Душко од Скопје, сега со непозната адреса во СР Словенија.

Се повикува тужениот Боројевиќ Душко од Скопје да се јави во рок од 30 дена во Општинскиот суд Скопје I — Скопје.

Доколку во истиот рок не се јави и не одреди свој полномошник, судот ќе му постави привремен застапник кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XVIII П. бр. 1558/89.

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Везира Адем, моминско Синани од Урошевац, против тужениот Адем Зекирија, од Скопје, сега во Швајцарија, со непознато место и адреса на живеење.

Се повикува тужениот Зекирија Адем, да се јави во овој суд, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или, пак во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рокот од 30 дена, или пак не постапи по горното задолжение на истиот во смисла на одредбите од чл. 84 од Законот за процесна постапка ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги штити неговите права и интереси во овој спор.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XV. П. бр. 1513/89. (91)

---

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје е заведен спор за исплата на камата за долг по тужбата на тужителот Ѓорѓиевски Трпе од Скопје, против тужениот Маљановски Трајко, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Маљановски Трајко во рок од 30 дена по објавувањето на судскиот оглас да се јави во овој суд и да ја достави сегашната адреса на живеење. Во спротивно, на истиот ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XVI П. бр. 1345/89. (95)

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Држава СФРЈ — Заедница за изградба и одржување ВСФ застапувана од военото правобранител на ВП-3755 — Скопје, против тужениот Незири Реџеп Мејди, ул. „Милан Зечар“ бр. 6/10, Скопје, а сега со непозната адреса на живеење, за отказ на договор за користење на стан.

Се повикува тужениот Незири Реџеп Мејди да се јави во овој суд и да ја достави сегашната адреса на живеење во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот. Во спротивно, на истиот ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XVI П. бр. 984/89. (96)

---

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Битики Изјадие од Скопје, ул. „14“ бр. 2, с. Сингелиќ, против тужениот Битиќ Елмија од с. Сингелиќ, ул. „14“ бр. 2.

Со оглед да тужениот Битиќ Елмија сега е со непозната адреса на живеење, се повикува да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот во рок од 30 дена не се јави во судот на истиот ќе му биде одреден привремен старател во смисла на чл. 84 од ЗПП, кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката до нејзиното окончување или до појавување на тужениот во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XI П. бр. 1554/89. (94)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води вонпроцесна постапка по предлог на предлагачот Беџети Зилбеар од с. Боговиње, за утврдување на смртта на лицето Шаини Билал.

Се повикува лицето Шаини Билал од с. Боговиње, или секој друг што знае за неговиот живот да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно, судот ќе ја утврди неговата смрт.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 130/89.

---

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Усеини Зилџије од с. Желино, против тужениот Усени Гајур од с. Желино, со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот Усени Гајур од с. Желино да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово или да одреди свој полномошник. Во спротивно, судот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово П. бр. 718/89.

---

### Загубени печати

Загубениот тркалезен печат под назив: „Куќен совет — кула I, Градски ѕид, ул. „Иво Рибар Лола“ бр. 23 — Скопје“ се огласува за неважен. (2125)

Загубениот печат под назив: „ООССММ — с. Селце, Тетово“ се огласува за неважен. (2287)

Загубениот печат под назив: „АКССММ при РТФ — Штип“ се огласува за неважен. (2295)

---

# Мали огласи

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Работна книшка на име Валентина Симоска, Тетово. (2085)

Работна книшка на име Миле Ѓорѓиевски, Штип.

Работна книшка на име Ајредин Рамо, с. Радолиште, Струга. (2103)

Пасош на име Меметсали Салиев, с. Конче, Радовиш. (2122)

Работна книшка на име Младенка Стоименова, Кочани. (2137)

Работна книшка на име Нада Милковска, Крива Паланка. (2148)

Работна книшка на име Милован Димовски, с. Градиште, Струга. (2149)

Книшка на име Спасе Митоски, Струга. (2150)

Свидетелства за I, II, III и IV година, издадени од Гимназијата „Стив Наумов“ — Ресен на име Бугунска Марија, ул. „Мите Трповски“ бр. 1, Ресен.

Работна книшка на име Ѓурѓа Крстевска, Тетово.

Работна книшка на име Тана Манаклова, Штип.

Работна книшка на име Ќазим Мемедов, Штип.

Работна книшка на име Влатко Трајанов, Кочани. (2166)

Работна книшка на име Горанчо Илиевски, Куманово. (2179)

Воена книшка на име Ангеле Чулупаноски, ул. „Мислишевски пат“ — Струга. (2184)

Работна книшка на име Аце Алексовски, Куманово. (2207)

Работна книшка на име Бобан Тодоровски, Куманово. (2209)

Работна книшка бр. 32419/84 на име Ајруш Хани, с. Велешта, Струга. (2210)

Работна книшка, на име Фазлагиќ Заим, с. Г. Оризари, Титов Велес. (2212)

Работна книшка на име Берица Андреевска, Гостивар. (2217)

Работна книшка на име Васил Крстев, Кочани

Диплома издадена од Техничкото училиште „Наце Буѓони“ — Куманово на име Трајковски Слободан, Куманово. (2225)

Тековна картица бр. 2177-12 и чекови од број 2932759 до 2932760 и од бр. 2919281 до 2919290 на име Јорданка Младеновска, ул. „Н Карев“ бр. 10, Куманово. (2229)

Воена книшка на име Милановски Владо Андреја, ул. „Тоде Думба“ бр. 74/5-9, Куманово. (2230)

Работна книшка и свидетелство за VIII одделение на име Стојанчо Ангеловски, Куманово. (2231)

Работна книшка на име Абос Џезие, Куманово.

Свидетелства за I и II клас гимназија на име Митровска Радица нас. Бегови Бавчи, Крива Паланка.

Книшка на име Измит Дервиши, с. Ливада, Струга.

Чек бр. 2566525 издаден од Југобанка — Скопје на име Шаќир Никочевиќ, Скопје. (2245)

Воена книшка на име Мицески Живко, Титов Велес. (2250)

Работна книшка на име Халит Адеми, Тетово

Работна книшка на име Винко Милевски, Тетово.

Свидетелства од I до IV клас на име Винко Милевски, Тетово. (2257)

Работна книшка на име Муарем Мурати, Тетово.

Уверение бр. 5502/88 од 12. X. 1988 година за обавување домашни ракотворби издадено од СО на општина Карпош — Скопје на име Радица Антиќ, Скопје. (2271)

Работна книшка, на име Николовска Блага, Скопје. (2274)

Воена книшка наиме Зухри Азис Шазимани, с. Заграчани, Струга. (2278)

Возачка дозвола на име Агим Село, с. Ливада, Струга. (2279)

Работна книшка на име Миланка Ѓорѓиева, Штип. (2297)

Работна книшка на име Стојанка Ѓорѓиева, Радовиш. (2302)

Свидетелство за III година, издадено од Техничкото училиште „Наце Буѓони“ — Куманово на име Амди Салија с. Опаје, Куманово. (2307)

Воена книшка на име Ѓорѓе Кукоски, с. Вевчани, Струга. (2313)

Воена книшка на име Назам Шумоски, с. Заграчани, Струга. (2314)

Воена книшка на име Рузди Ади Речи, с. Велешта, Струга. (2346)

Воена книшка на име Железко Дашлиески, с. Октиси, Струга. (2347)

Уверение за цвеќарска дејност УП. бр. 12-1799 од 24. V. 1988 година на име Вера Кичевска, ул. „Јани Лукровски", бр. 14/21, Скопје. (2364)

Лична карта на име Петре Героски, с. Јабланица, Струга. (2368)

Возачка дозвола на име Петре Героски, с. Јабланица, Струга. (2369)

Тековна карта бр. 488/13 и лична карта бр. 59655 на име Десанка Мартиноска, ул. „Јабланица" бр. 28, Струга. (2370)

Работна книшка, на име Седатин Сердуоски, Македонски Брод. (2371)

Воена книшка на име Музафер Јашари, с. Чајле, Гостивар. (2381)

Работна книшка на име Санија Дерало, Гостивар. (2385)

Воена книшка на име Мите Антов, ул. „И. Р. Лола" бр. 55, Штип. (2389)

Одобрение за фотографски дуќан У. бр. 11-2524 од 6. VI. 1988 година, издадено од СО — Чаир Скопје на име Зоран Милановски, ул. „Пехчевска" бр. 7/24, Скопје. (2394)

Барирак чек бр. В 4032635 издаден на 31. март 1989 година од жиро сметка 40100-601-14146 СОК Скопје, — РО печатница „2 АВГУСТ" — Скопје, потпишан и со печат, изгубен на 01 април 1989 година се огласува за неважен. (2642)

Свидетелства од I, II III и IV година и завршно свидетелство за степен на стручна подготовка, издадени од Медицинското училиште во Битола на име Донева Пантелеј Ана, ул. „Охридска" бр. 2, Битола.

Работна книшка на име Ѓорѓи Попоски, Струга.

Чековна карта бр. 17404/1, издадена од Југобанка — Скопје на име Мирче Цветаноски, ул. „29 Ноември" бр. 37/1/1, Скопје. (2417)

Работна книшка на име Агим Беџети, Тетово.

Работна книшка на име Трајче Китанов, Кочани.

Воена книшка на име Љупчо Андонов, ул. „Ангел Винички" бр. 55, Виница. (2428)

Одобрение за штепување на чорапи и други ткаенини УП. бр. 11-34 од 7. I. 1984 година, издадено од СО — Чаир на име Петровски Сретко, ул. „Пелагонија" бр. 34, Скопје. (2431)

Работна книшка на име Метат Бајрами, Прилеп.

Одобрение за репроматеријали и опрема УП. бр. 15-6846 од 18. XII. 1980 година, издадено од СО — Центар — Скопје на име Адиловски Фета, ул. „Пере Тошев" бр. 51, Скопје.

Тековна сметка бр. 15 50 04156 и чекови од бр. 2248574 до 2248580, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Авдула Меметој, Скопје.

Одобрение бр. 11-2084/2 од 25. VI. 1987 година, изедно од СО — Чаир — Скопје на име Сабахудин Муриќ, Скопје. (2459)

Работна книшка на име Верка Митроска, Прилеп.

Работна книшка, издадена од М. Брод на име Миленко Бошкоски, с. Сланско, Македонски Брод.

Сервисна книшка бр. 9832 за возило „Југо Корал-55", издадена од ООЗТ „Промет и сервис" — Скопје на име Лазар Големтеов, Скопје. (2478)

Работна книшка на име Горанчо Ристовски, Куманово. (2480)

Работна книшка, издадена во Кратово на име Стефанов Мирче, ул. „Планинска" бб, Кратово. (2483)

Воена книшка на име Лозам Исеин. с. Боговиње, Тетово. (2486)

Работна книшка на име Гега Невзат, ул. „ЈНА" згр. 4, влез II/3, Струга. (2504)

Воена книшка на име Тасим Саити, ул. „Гове Лазарески", бр. 38, Гостивар. (2507)

Работна книшка на име Ванчо Манев, Радовиш.

Работна книшка на име Весна Јанкова, Радовиш.

Чековна книшка бр. 909-31 и чекови од бр. 3220887 до 3220890 на име Марица Дајлевиќ, ул. „Прохор Пчински" бр. 6, Куманово. (2519)

Работна книшка на име Петар Јовановиќ, Куманово. (2520)

Работна книшка на име Јонза Захариев, Кочани.

Работна книшка на име Драганчо Илиев, Радовиш. (2529)

Пасош на име Фатиме Амедова, ул. „Шин Мале" бр. 30, Радовиш. (2531)

Решение бр. 9767 од 8. VII. 1965 година, издадено од Собранието на општина „Кале" — Скопје на име Андреја Зафиров, Скопје. (2433)

Воена книшка на име Ќенан Зимбери, с. Опаје, Куманово. (2535)

Работна книшка, издадена од Титов Велес на име Стеванова Блага, ул. „Скопски пат" бб, Титов Велес. (2539)

Воена книшка на име Сабајдин Мемеди, ул. „Б. Тоска" бр. 124, Тетово. (2542)

Одобрение У. бр. 15-2976 за занаетчиска дејност — килимарство од 2. VII. 1982, издадено од СО — Центар — Скопје на име Бериша Мевзуи, ул. „372" бр. 5, Скопје. (2551)

Работна книшка, издадена од Кратово на име Младеновска Димка, ул. „Страхил Досев" бр. 13, Кратово. (2563)

Свидетелство за I клас земјоделски смер, издадено од УЦСО „Јосип Броз Тито" — Ресен на име Јовче Ж. Божиновски, с. Кривени, Ресен. (2567)

Работна книшка на име Бранко Иванов, Виница.

Работна книшка, издадена од Кратово на име Ристиќ Влајко, с. Секулица, Кратово. (2594)

Работна книшка на име Решад Демиров, Радовиш. (2616)

Работна книшка на име Таратакова Геновева, ул. „Никола Карев" бр. 2/2, Титов Велес. (2628)

Работна книшка на име Мистафа Далипи, Гостивар. (2632)

# КОНКУРСИ

РО „Макметал инженеринг" — Скопје,

распишува

## КОНКУРС

за избор на подобен изведувач (понудувач) заради отстапување на изработка на главен проект за објектот „Капацитет за печатени плочи", на „Енергоинвест" — РО „ 11 Октомври" — Прилеп

I

1. Предмет на конкурсот е утврдување на подобност на проектанска организација и отстапување на изработка на Главен проект за производна хала.

2. Предмет на отстапување е изработка на Главни проекти за:

— производна хала од цца 2500 $m^2$, со сите потребни инсталации,

— котлара со опрема,

— сообраќајници,

— портирница,

— таложник,

— ограда,

— ППЗ и ХТЗ.

3. Локацијата на објектот е во атарот на општина Крушево.

4. Рок за изработка на сите проекти е 30 дена.

5. Рокот за поднесување на понудата е 10 дена од денот на објавување на конкурсот.

II

1. Заинтересираните работни организации должни се да поднесат писмена пријава за учество во конкурсот.

2. Пријавување за подобност по конкурсот треба да содржи:

— полн назив на РО и точна адреса,

— извод од судскиот регистар за дејноста која ја врши,

— доказ за финансиската состојба заверен од СОК,

— образец биланс за успехот за 1988 година,

— податоци за стручни кадри кои ќе бидат ангажирани во изработката на проектите,

— референц листа за досега изработени проекти.

3. Понудата за проектирање треба да содржи:
— цена за проектирање по објекти,
— изјава дека понудената цена е фиксна,
— изјава дека со проектот се опфатени сите позиции,
— изјава дека количините во предмерите се дефинитивни и доколку се јават непредвидени работи односно грешки во проектот за истите материјалните трошкови ќе ги сноси понудувачот.

III

Некомплетните пријави и ненавремено поднесените нема да се земат предвид.

IV

По разгледување на понудите односно пријавите во рок од 5 дена понудувачите ќе бидат известени за изборот на најповолниот понудувач.

V

Понудите да се достават на адреса: РО „Макметал-Инженеринг“, ул. „Маршал Тито“ бр. 9-11, Скопје.

VI

Сите потребни информации може да се добијат во РО „МАКМЕТАЛ-ИНЖЕНЕРИНГ“, градилиште РЕК „БИТОЛА“ — Битола, на тел. 097-323-55.

VII

Ориентационо-пресметковната вредност на објектот изнесува 27.000.000.000 динари.

---

Врз основа на член 79 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 15/83; 11/87; 20/88) и членовите 23 и 24 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување на изградбата на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 22/84), како и член 1 алинеја 4 од Договорот за деловно-техничка соработка, бр. 08-51 од 5. I. 1989 г., РО за опремување и промет на големо „ЈУГООПРЕМА“ — Скопје, во име и за сметка на Х. Т. П. „НОВ ЖИВОТ“ — Тетово,

распишува

**КОНКУРС**

за утврдување подобност за изградба на инвестиционен објект

I. Предмет:

Утврдување на подобност за адаптација, реконструкција и доградба на хотел „Македонија“ во состав на Х. Т. П. „Нов живот“ — Тетово.

II. Услови:

Кон понудите за утврдување подобност, понудувачите се должни да поднесат:
— назив и точна адреса;
— доказ за регистрација на дејноста;
— референтна листа на изведени исти или слични работи во последните 5 години;
— извод од Завршната сметка од 1988 г.;
— расположливи сили на работна сила и механизација;
— референт листа на подизведувачи.

III. Цена:

Ориентационата вредност на работите изнесува 10.000.000.000, (со букви десетмилијарди динари).

IV. Рок:

Краен рок за поднесување на понудите за утврдување на подобност е 10 дена сметано од денот на објавувањето на конкурсот.

Некомплетните пријави, како и пријавите поднесени по рокот од претходниот став, нема да се разгледуваат.

Краен рок за изведба на инвестициониот објект е 5 месеци.

V. Останато:

1. Одлука за тоа кои изведувачки организации се подобни ќе се донесе најдоцна во рок од 10 дена по истекот на рокот за поднесување пријави.

2. При определувањето на подобни изведувачи Комисијата ќе се раководи од следните критериуми: подобра опременост, подобра кадровска оспособеност, поголемо искуство во изведбата на вакви или слични работи, подобри услови на кредитирање, пократок рок на изведба на работите, поголемо искуство во изведување на предметните работи и поголема деловна коректност во поглед на извршувањето на преземените обврски, рокови и квалитет кај претходните инвеститори, подолг гарантен рок, подобра референт листа на подизведувачи.

3. Комплетните пријави за утврдување на подобност да се доставуваат во запечатени и одвоени обвивки со назнаки „Понуда за подобност“ и „Документација кон понудата за подобност“, при што и на двете обвивки мора да биде назначен предметот за кои се однесуваат.

Запечатените и одвоени обвики се доставуваат на адреса: РО „ЈУГООПРЕМА“ Скопје, ул. „Даме Груев“ бр. 5.

Подетални информации може да се добијат на тел. 091/224-376.

---

Врз основа на член 27 од Законот за судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ“ бр. 6/85), Собранието на општината Делчево — Комисија за избори и именувања

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на претседател — судија на Општинскиот суд за прекршоци во Делчево

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 25 од Законот за судовите за прекршоци, пријавите со потребните документи да ги достават до Собранието на општината Делчево — Комисија за избори и именувања, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија“.

---

ОБЈАВА

Врз основа на член 35, од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ“ бр. 18/87), Координациониот одбор

ОБЈАВУВА

1. Во точката 1 од Објавата од Координациониот одбор („Службен весник на СРМ“ бр. 17/89), износот „1.306.700“ динари (просечен месечен пресметан чист личен доход по работник без средствата за непосредна заедничка потрошувачка) се заменува со износот „1.754.000“ динари.

2. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник без средствата за непосредна заедничка потрошувачка за периодот јануари — јуни 1989 година изнесува 1.310.000 динари.

3. Средствата за непосредна заедничка потрошувачка по работник за 1989 година изнесуваат 1.200.000 динари.

Средствата за непосредна заедничка потрошувачка се применуваат како елемент при формирањето на масата на средствата за бруто лични доходи, согласно одредбите од Општествениот договор за распределба на доходот во СРМ.

4. Просечната стапка на акумулативност во стопанството на СРМ (за ОЗТ кои работат без загуба) за периодот јануари — јуни 1989 година изнесува 3,6%.

Просечните стапки на акумулативност на сродните дејности за периодот јануари — јуни 1989 година изнесуваат:

| | | % |
|---|---|---|
| 0101 | Електростопанство | 1,2 |
| 0102 | Производство на јаглен | 0,3 |
| 0105 | Производство на деривати на нафта | 15,0 |
| 0107 | Црна металургија | 3,0 |
| 0108 | Производство на руда на обоени метали | 3,0 |
| 0109 | Произв. на обоени метали | 8,0 |
| 0110 | Прераб. на обоени метали | 1,0 |
| 0111 | Произв. на неметални минерали | 3,0 |
| 0112 | Прераб. на неметални минерали | 1,2 |
| 0114 | Машиноградба | 15,0 |
| 0115 | Произв. на сообраќ. средства | 5,0 |
| 0120 | Произв. на камен и песок | 8,0 |
| 0121 | Произв. на градежен материјал | 3,0 |
| 0122 | Произв. на реж. граѓа и плочи | 1,0 |
| 0123 | Произв. на финал. произв. од дрво | 4,0 |
| 0129 | Производство на каучук | 1,2 |
| 0130 | Произв. на прехранбени производи | 3,0 |
| 0131 | Произв. на пијалоци | 3,0 |
| 013310 | Произв. на ферм. тутун | 3,0 |
| 013320 | Прераб. на тутун | 5,0 |
| 0135 | Доработка, преработка и производство на суровини од отпадоци | 15,0 |
| 0139 | Произв. на разновид. произв. | 5,0 |
| 0201 | Земјоделско производство | 1,0 |
| 0202 | Земјоделски услуги | 10,0 |
| 0300 | Шумарство | 1,0 |
| 0400 | Водостопанство | 0,5 |
| 0502 | Нискоградба и хидроградба | 3,5 |
| 0503 | Инстал. и завршни работи | 15,0 |
| 0504 | Воздушен сообраќај | 2,0 |
| 0606 | Градски сообраќај | 2,5 |
| 0609 | ПТТ услуги | 2,5 |
| 0701 | Трговија на мало | 3,0 |
| 0702 | Трговија на големо | 10,0 |
| 0703 | Надворешна трговија | 12,0 |
| 0801 | Угостителство | 2,0 |
| 0900 | Занаетчиство | 6,0 |
| 1003 | Комунална дејност | 2,0 |
| 1102 | Осигур. имоти и лица | 6,5 |
| 110202 | Лотарии и кладилници | 15,0 |
| 1104 | Проект и сродни технички услуги | 10,0 |
| 130233 | Профес. рехабилитација и враб. на инвалиди | 0,5 |

Координационен одбор
Претседавач,
**Душан Петрески,** с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

423. Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемување на цените на учебниците за основното и средното насочено образование на РО за издавање на учебници и наставни средства „Просветно дело" — Скопје — — — — — — — 445
424. Одлука за утврдување на висината на помошта и на другите трошоци што им се исплатуваат на повратниците — — — 445
425. Наредба за определување на производи и услуги за кои организациите на здружен труд се должни да доставуваат известување за цените — — — — — — — 445
426. Наредба за утврдување на износот на основиците од кои се определуваат месечните парични износи на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди во 1989 година — — — — — — — — — 446

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

207. Општествен договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи во СР Македонија 446

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

НЕГОТИНО

208. Одлука за утврдување на висината на придонесот за здравствена заштита на земјоделците на подрачјето на општина — Неготино за 1989 година — — — — 447
209. Одлука за надомест на патните и дневните трошоци на корисниците на здравствена заштита на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино — — — — — 447
210. Одлука за висината на надоместокот за погребни трошоци и посмртна помош на корисниците на здравствена заштита на подрачјето на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино — — — — — — 448
211. Одлука за утврдување на основици за плаќање и пресметување на придонеси за здравствена заштита на лица вработени кај приватни работоводавци — — 449
212. Одлука за утврдување на висината на придонесите за здравствена заштита што се плаќаат во постојани месечни износи за одредени категории осигуреници — — 449
213. Одлука за утврдување на висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година — 450
214. Одлука за утврдување стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Неготино — — — — — — — 450
215. Одлука за утврдување на стапката на придонесот за вработување за 1989 година 451
216. Одлука за утврдување на стапките на придонесите на ОСИЗ за култура — Неготино — — — — — — — — — 451
217. Одлука за утврдување на пресметковната стапка за здружување на средства за остварување на програмата на ОСИЗ за физичка култура — Неготино и здружување на средства во РСИЗ за физичка култура за 1989 година — — — — — 452
218. Одлука за утврдување на висината на стапките на придонесите од личниот доход на работните луѓе што се плаќа во корист на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — — — — 452

ТЕТОВО

219. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одредување висината на стапката на придонес за здравствена заштита на работниците за 1989 година — — — 453
220. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за превоз, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварување на здравствена заштита — — — — — — — — — 453
221. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурените лица — — — — — 454
222. Статутарна одлука II за изменување и дополнување на Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово — 455

**Објава** — — — — — — — — — 460

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. „Васил Ѓоргов" бб Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**